Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 8 став 5 од Законот за утврдување на цени на водни услуги („Службен весник на РМ“ бр. 7/2016) и член 23 од Статутот бр.01-391/2 од 26.08.2011 година, на седница одржана на ден 06.09.2017 година, донесе

# О Д Л У К А

за утврдување на висината на надоместокот од постапката за утврдување на тарифи за водни услуги и регулаторна тарифа за водни услуги

## Член 1

Надоместокот од постапката за утврдување тарифа за водна услуга за давателите на водни услуги се определува во висина од:

1. 30.000 денари за утврдување на тарифа за услугата снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението;
2. 30.000 денари за утврдување на тарифа за услугата снабдување со вода за пиење или водоснабдување;
3. 10.000 денари за утврдување на тарифа за обезбедување на услугата собирање и одведување на урбани отпадни води;
4. 10.000 денари за утврдување на тарифа за услугата прочистување на отпадни води.

## Член 2

Надоместокот од постапката за утврдување на регулаторна тарифа се определува во висина од:

1. 60.000 денари за утврдување на регулаторна тарифа во случаи кога има податоци од давателот на водни услуги и
2. 300.000 денари за утврдување на регулаторна тарифа во случаи кога нема податоци од давателот на водни услуги.

## Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**бр. 02-1496/1**
**06.09.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**